СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 08/20

Излегува по потреба-21.05-2020година.Четврток-Бр.08, година XXIV
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци за 2020 година

1. Објавувам Измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци за 2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.05.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-388/1
20.05.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-378/4
18.05.2020 год
Новаци

Архивски знак 1402
Рок на чување: Трајно
20.05.2020 година Потпис

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007,156/09,47/11,192/15,209/18 и 244/19 год.) ,и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ"бр.54/05,04/08,103/08,156/09 ,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16 Советот на Општината Новацина 52 седница одржана на ден 18.05.2020 година донесе

Измена и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за 2020 година

Општ дел

Член 1

Измена и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за **2020 година** се состои од:

I.Вкупни приходи	**БУЏЕТ**	**РЕБАЛАНС**
	134.392.762,00	**161.423.923,00**
Даночни приходи	6.025.100,00	6.025.100,00
Неданочни приходи	803.300,00	803.300,00
Капитални приходи	48.741.820,00	48.741.820,00
Приходи од дотации	32.861.000,00	32.792.000,00
Приходи од трансфери	36.739.792,00	63.112.153,00
Приходи од донации	9.221.750,00	9.949.550,00
II. Вкупни расходи	**160.593.065,00**	**181.485.235,00**
Од утврдени намени	159.493.065,00	180.385.235,00
Расходи од резерви	1.100.000,00	1.100.000,00
III.Дефицит	-22.933.334,00	-16.933.334,00
IV.Финансирање	**22.933.334,00**	**16.933.334,00**
Прилив	27.000.000,00	20.861.009,00
Домашни задолжувања	24.000.000,00	18.000.000,00
Депозит	3.266.969,00	3.127.978,00
Одлив	**1.066.666,00**	**1.066.666,00**
Отплата на главница	1.066.666,00	1.066.666,00

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на Општината Новаци за 2020 година, а чиј составен дел се и Прегледот на развојните програми и тоа како што следува:

Член 3

Приходите и расходите во износ од 182.551.901,00 **денари** искажани по основни намени во Билансот на приходи и расходи во буџетот на Единицата на локална самоуправа за 2020 година, се распоредени по корисници и поблиски намени во посебниот дел

Член 4

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на ОпштинаНоваци влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општината Новаци

Бр.

Претседател на
Совет на општина Новаци

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Измена на Годишен план за јавни набавки
на општина Новаци 2020 година- Мај 2020

1. Објавувам Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци 2020 година- Мај 2020**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.05.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-388/2
20.05.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 94 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 18.05.2020 година, донесе:

ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
2020 ГОДИНА – Мај 2020
Член 1

СЕ ОДОБРУВА Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци 2020 година- Мај 2020:

Бр.	Предмет на договорот за јавна набавка-рамковната спогодба	Шифра според ОПЈН	Очекуван почеток на постапката-месец	Проценета вредност на договорот /рамковната спогодба без ДДВ-ден.	Вид на постапка
II	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**				
1.	Реконструкција на улица во с.Новаци во должина до 2 км		7-8 месец	2.694.715,25	Поедноставена отворена постапка
2	Реконструкција на тениско игралиште во с.Добромири –пренамена во повеќенаменско – Оградување на простор за дневен престој со детски реквизити на фудбалско игралиште во с.Новаци Изработка на настрешница и клупи за седење околу повеќенаменско игралиште во с.Новаци		7-8 месец	2.000.000,00	Поедноставена отворена постапка

Член 2

Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци 2020 година- Мај 2020, влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект
во идна урбанистичко-планска документација

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.05.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-388/3 ОпштинаНоваци
20.05.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на Р.М.г бр. 56 /11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.05.2020 година да ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр. 2 индивидуална семејна куќа опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за утврдување на фактичка состојба за легализација на бесправно изградени објекти , изработен од ДООЕЛ Гео Ленд Битола бр. 0804-88/3-18 од 13.02.2018 година, изградена на **КП 691 КО Мегленци** во идната урбанистичко-планска документација за село Мегленци, по барање на Борис Нечовски ул. Ѓорче Петров бр. 57, Битола , **со деловоден бр. 09-150 од 31,03,2016 година .**

Член 2

За с. Мегленци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-378/6 Совет на општина Новаци
18.05.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Измени на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2020 година

1. Објавувам Измени на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2020 година.**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.05.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-388/4
20.05.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 18 став 1 точка 1, член 94, член 21 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14, 44/15 193/2015, 31/2016, 163/2016, 90/2017, 64/2018 и 168/2018), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.05.2020 година донесе:

И З М Е Н И Н А П Р О Г Р А М А
за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци
за 2020 година

1, , Заради потребата од регулирање на сообраќајот и подобрување на комуналната инфраструктура, предлагаме во Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци во поглавјето за изработка и одобрување на проекти за инфраструктура да се предвиди:

1. **Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Градешница – Манастир Св. Илија**
2. **Проект за инфраструктура за изградба на дел од улична мрежа во с. Градешница (улица 1)**
3. **Проект за инфраструктура за изградба на дел од улична мрежа во с. Градешница (улица 1)**
4. **Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Далбеговци**
5. **Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Горно Агларци**
6. **Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура во село Долно Агларци**

ВОВЕД
Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку

која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на урбанистичко планска документација
- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2020 година се предлага изработка на следните планови:

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ЛУПД за изградба на Индустриска зона со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 1394/1 КО Новаци, с. Новаци
2. ЛУПД за изградба на намена ДЗ – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир
3. Локална урбанистичка планска документација (со намена А1 – домување во станбени куќи, на дел од КП 2876/3 КО Градешница, Општина Новаци (согласно член 46 став 3 од ЗПУП
4. ЛУПД со намена Е2 - комунална супраструктура за изградба на биогасна централа на КП 222/37 КО Добромири, со моќност до 1 MW, Општина Новаци
5. ЛУПД со намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1MW на КП 685/2 КО Новаци, Општина Новаци
6. ЛУПД со намена Е2 - комунална супраструктура за изградба на биогасна централа на КП 222/38 КО Добромири, Општина Новаци

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на цевковод за водоснабдување на с. Живојно и с. Добровени
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Добромири
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
4. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
5. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
6. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
7. Проект за инфраструктура за изведба на сообраќаен приклучок на улица дел од регионалниот пат Р 1311, КО Новаци, со

цел да се дефинира сообраќајниот пристап до парцелата.

8. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат рег. пат Р511 – крстосница с. Старавина – с. Будимирци до манастир Св. Атанас.
9. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци.
10. Проект за инфраструктура за изградба на дел од улична мрежа во должина од 1200м, на потегот Пошта – Златен клас – Х канал.
11. Проект за инфраструктура за изградба секундарна вреловодна мрежа со приклучоци низ населено место Новаци, Општина Новаци.
12. **Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Градешница – Манастир Св. Илија**
13. **Проект за инфраструктура за изградба на дел од улична мрежа во с. Градешница (улица 1)**
14. **Проект за инфраструктура за изградба на дел од улична мрежа во с. Градешница (улица 1)**
15. **Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Далбеговци**
16. **Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Горно Агларци**
17. **Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура во село Долно Агларци**

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на ЦО2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на ЦО2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци

2, АУП за формирање на градежна парцела на дел од КП 1394/1 КО Новаци за намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци, (опфат 1-3 ха)

3, АУП за формирање на градежни парцели на дел од КП 1394/1 и др. КО Новаци за намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, согласно ЛУПД за изградба на индустриска зона со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија КО Новаци вон г.р. дел од КП 1394/1, КП 1394/2, КП 1394/3, КП 1394/4, КП 1394/5, КП 1394/6, КП 1394/7 и КП 1394/8, Општина Новаци (опфат приближно 16ха),

4, Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели на КП 660 -КО Старавина согласно Општ акт за село Старавина тех. бр. У07-12/14 од 12/2004г., донесен со Одлука на Совет на Општина Новаци бр.14-71/19 од 30,01,2015

5, Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели на КП 547 КО Новаци согласно Општ акт за село Новаци тех. бр. У01-09/14 од 09,2014година., Одлука на Совет на Општина Новаци бр. 07-838/15 од 27,10,2014год.)

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Новаци
2. УПС за село Гермијан
3. УПС за село Живојно
4. УПС за село Рибарци

5. УПС за село Градешница
6. УПС за село Будимирци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат. Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект Ѓ фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.

Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-378/7 Совет на општина Новаци
18.05.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за асвалтирање на патот до манастирот Свети Стефан с.Гнеотино и одобрување на Анекс на договорот со изведувачот на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2020 година

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства за асвалтирање на патот до манастирот Свети Стефан с.Гнеотино и одобрување на Анекс на договорот со изведувачот на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2020 година., донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.05.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-388/5 ОпштинаНоваци
20.05.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.05.2020 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за асвалтирање на патот до манастирот Свети Стефан с.Гнеотино и одобрување на Анекс на договорот со изведувачот на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2020 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства за асвалтирање на патот до манастирот Свети Стефан с.Гнеотино во должина од 250 метри.

СЕ ОДОБРУВА Анекс на договорот со изведувачот на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2020 година бр.14.-86/27 од 20.01.2020 година.

Член 2

Износот на финансиски средства од Договорот и Анексот на договорот со изведувачот на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2020 година треба да биде до **11.024.268,00 денари**.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2020 година.

Член 3

Одлука влегува во сила од денот на донесување и ќе се објавуви во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-378/8 Совет на општина Новаци
18.05.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци за 2020 година.

2. Заклучок за објавување Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци 2020 година- Мај 2020.

3.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

4.Заклучок за објавување Измени на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци
за 2020 година.

5.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за асвалтирање на патот до манастирот Свети Стефан с.Гнеотино и одобрување на Анекс на договорот со изведувачот на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2020 година.

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци